РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Бр.- Nr. 03-831/16
23.05.2025 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVCE

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ЕУРОВИА ДООЕЛ
Бр. 0307/755
23.05 2025 год.
Желино

ДОГОВОР
за Изградба на парк во с.Сиричино

Склучен на ден 23.05.2025 година, помеѓу:

1. ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ, претставувана од Градоначалникот на Општина Јегуновце, Димитар Костадиноски (во понатамошниот текст Договорен орган) и

2. Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ Желино претставувано од управителот ,Џенис Реџепи (во понатамошниот текст Носител на набавката).

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР
Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни кои произлегуваат од јавна набавка на работи: **Изградба на парк во с.Сиричино.**

Детален опис, вид и количина на работите кои се предмет на овој договор е даден во предмер-пресметката, која е составен дел од овој договор.

Овој договор за јавна набавка на работи е по спроведена постапка по оглас бр. **07187/2025**, а во согласност со прифатената понуда на Носителот на набавката, со прилог пополнета предмер пресметка кои се составен дел од овој договор.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ
Член 2

Вредноста на договорот изнесува **13.071.474,00 денари**, без пресметан ДДВ.

Вкупната вредност на овој договор изнесува **15.424.340,00 денари**, со пресметан ДДВ.

Цената за изведбата на работите е со вклучени трошоци за извршената работа, работна рака во работни часови, транспортни трошоци, јавни давачки и сите други издатоци и помошни работи.

РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ
Член 3

Плаќањето на договорените работи ќе се врши преку потпишани и заверена завршна ситуација, градежна книга и градежен дневник, од страна на овластено лице од Изведувачот и Надзорниот инженер, доставени до Нарачувачот по стварно извршена работа. Во доставената ситуација за извршени работи треба да бидат наведени извршените работи со количини потврдени преку градежната книга и градежниот дневник, потпишани и заверени од надзорниот орган.

Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор, ќе се врши на следниот начин:
- 4.500.000,00 денари со пресметан ДДВ до 30.12.2025 година
- 5.462.170,00 денари со пресметан ДДВ до 30.03.2026 година и
- 5.462.170,00 денари со пресметан ДДВ до 30.05..2026 година

Договорниот орган има право да ги одбие од доставената ситуација за извршени работи следните износи:
- сите износи за евентуално неизвршени работи, а наведени во ситуацијата како извршени, и
- износот на договорната казна утврдена со член 22 од овој договор.

НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 4

Носителот на набавката е должен да ги изведе работите кои се предмет на набавка во се согласно техничката спецификација - предмер пресметката и тоа во рок од 120 календарски денови сметано од денот на доставен писмен налог за воведување во работа од страна на Договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува да започне со извршување на работите, предмет на овој договор на денот утврден со налогот на Договорниот орган за воведување во работа.

Рокот на извршување на договорот може да биде продолжен во случај ако:

- извршување на работите биде спречено од настанување на виша сила која не можела да се предвиди во времето на склучување на договорот (природни настани: пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време невообичаено за годишното време и за местото на кое се извршуваат работите и сл.);
- поради непредвидените работи и вишоците на работи кои би се јавиле во текот на извршување на работите, а се неопходни за целосна реализација на предметот на договорот;
- поради измени на техничката документација кои влијаат во продолжување на рокот на извршување;
- поради привремено оправдано прекинување на извршување на работите, поради постоење на околност за која договорните страни се согласни рокот на извршување на работите да биде продолжен;
- поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на Договорниот орган (ненавремено отстранување на недостатоците во техничката документација, некомплетираност на техничката документација и друга документација и сл.).

Член 5

Доколку дојде до продолжување на рокот на извршување поради било која од наведените причини во член 4 став 3, договорните страни се должни меѓусебно да се известат на писмено, за продолжувањето и причината која предизвикала продолжување, како и за тоа кога извршувањето на работите ќе продолжи кои ќе се регулираат со Анекс за измена на рокот за извршување.

Носителот на набавката е должен да продолжи со извршување на работите веднаш по престанувањето на причините за продолжувањето наведени во членот 4 став 3 од овој договор.

Настанување, траење и престан на околности поради кои договорениот рок се продолжува со Анекс договор за измена на рок за извршување кон основен договор меѓу двете договорни страни, се запишува во градежниот дневник.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 6

Договорниот орган е должен:

- писмено да го извести Носителот на набавката за денот на воведување во работа,,
- уредно да ги изврши обврските за плаќање према Носителот на набавката, утврдени во член 3 од овој договор,
- да го извести Носителот на набавката по писмен пат за лицето определено да врши надзор над извршување на работите,
- преку надзорниот орган да врши прием на извршените работи од поодделни позиции, со негов потпис во градежниот дневник,

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката е должен:

- да постави една информативна табла
- да ги извршува работите по опис, количини и единечни цени согласно предмер пресметката како дел од прифатената понуда, кои се составен дел од овој договор,
- да ги изврши договорените работи стручно, квалитетно и во согласност со определениот рок и на начин утврдени во техничките спецификации со предмер пресметката и според техничките прописи од оваа област и одредбите на овој договор,
- да обезбеди стручни, квалификувани и овластени лица, согласно Законот за градење и подзаконските акти кои ја регулираат оваа област,
- пред да отпочне со извршување на договорените работи да го извести на писмено Договорниот орган за лицето кое ќе раководи со изведба на работите предмет на овој договор,
- уредно да ги води градежниот дневник и градежната книга.
-

Член 8

Носителот на набавката е должен при изведба на работите кои се предмет на овој договор да ги преземе сите потребни заштитни мерки согласно позитивните законски прописи за обезбедување на објектот, заштита и сигурност на работниците и други лица, заштита на соседните градби, јавните површини, земјиштето и слично.

Член 9

Носителот на набавката е единствено (исклучиво) одговорен за секој вид на штета, за надоместување на трошоците за отстранување на последиците на штетата, како и за надоместот на штета што при извршување на работите ќе настане за вработените на Носителот на набавката, за трети лица, за изградбата, за соседните градби, за јавни површини, за земјиште и слично, а по вина на Носителот на набавката (постапување спротивно од закон, одобрение за градење или проект-техничка документација, нестручно и неквалитетно извршување на договорените работи, необезбедување и необележување на градилиштето, неспроведување на мерки за заштита и сигурност и слично).

Член 10

Носителот на набавката е должен работите што се предмет на овој договор да ги изведува квалитетно. Под квалитетно изведување на работите се подразбира особено:
- изведување на работите согласно позитивните прописи и стандарди во градежништвото,
- материјалите што ќе се вградуваат, како и опремата, да бидат согласно описите во проектната документација, атестирани од овластени институции и да одговараат на пропишаните стандарди, а доколку се вградуваат поквалитетни од специфицираните материјали и опрема, истите да одговараат на бараните стандарди,
- квалитетот на изведба на работите да одговара на описот на позициите содржани во тендерската и проектната документација.

ГАРАНТЕН РОК

Член 11

Носителот на набавката гарантира за квалитетот на извршените градежни работи за период од **5(пет) години** и тоа сметано од записникот за примопредавање.

За градежните производи и материјали кои ги вградува Носителот на набавката, во поглед на содржината и рокот важи гаранцијата на произведувачот на градежните производи и материјали, со тоа што Носителот на набавката е должен сета документација за гаранциите на произведувачот на градежните производи и материјали, да ги прибави и да ги предаде на Договорниот орган.

Член 12

Доколку во време на гарантниот рок од членот 11 на овој договор, се појават недостатоци кои се однесуваат на квалитетот на извршените работи и вградените материјали и прозиводи, Носителот на набавката е должен на барање на Договорниот орган, истите да ги отстрани, поправи или замени без трошоци за Договорниот орган.

НАДЗОР

Член 13

Лицето определено да врши надзор од страна на Договорниот орган се обврзува:

- да ги извршува работите на надзорот согласно условите и начинот утврдени со Законот за градење,
- да врши проверка над извршувањето на работите во секоја фаза на изградбата,
- да утврди дали сите учесници во извршување на работите ги поседуваат соодветните лиценци и овластувања,
- да врши проверка на квалитетот на вградените материјали и производи во извршувањето на работите,
- да го запознае Договорниот орган за утврдените недостатоци или неправилности констатирани во текот на извршувањето на работите и истите да ги забележи во градежниот дневник,
- состави завршен извештај за извршениот надзор.

Трошоците за извршениот надзор ги сноси Договорниот орган.

ГРАДЕЖЕН ДНЕВНИК И ГРАДЕЖНА КНИГА

Член 14

Носителот на набавката е должен во текот на извршување на работите уредно да ги води градежниот дневник и градежната книга, во која се внесуваат податоците за видот и количините на извршените работи и отстапувања по техничката документација, кои се одредени со важечките стандарди и прописи за градба на Република Северна Македонија и со одредбите на овој договор.

Реалните количини ќе се утврдат во градежниот дневник и градежната книга потврдени и одобрени од надзорниот орган.

Конечната вредност на објектот ќе се утврди согласно реалните количини утврдени во градежната книга.

ЗАПИСНИК ЗА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ

Член 15

Носителот на набавката е должен да го извести Договорниот орган дека договорените работи се завршени.

Техничкиот преглед го врши надзорен инженер, по кој се изготвува извештај за извршениот технички преглед.

Доколку при извршениот технички преглед надзорниот инженер констатира постоење на определени недостатоци, тогаш Договорниот орган е должен писмено да му укаже на Носителот на набавката заради отстранување на истите.

Носителот на набавката е должен да постапи по укажаните забелешки, во рокот предвиден во извештајот, но не повеќе од 10 (десет) дена од денот на одржаниот технички преглед.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР И НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 16

Во случај на неисполнување на обврските од едната страна, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорот може да се раскине по барање на една од договорните страни доколку:

- Носителот на набавката неоправдано не започне со работа на денот утврден со налогот за воведување во работа,
- Носителот на набавката, престане да ги извршува работите предмет на Договорот во период од 2 (два) дена кумулативно од предвидениот рок за извршување на договорот,
- Носителот на набавката во текот на извршување на работите не се придржува кон условите од договорот и проектната документација и кон налозите и упатствата од лицето определено за вршење на надзор од страна на Договорниот орган,
- Носителот на набавката не ги изврши работите во определениот рок, освен во случај на настанување на причините за продолжување на рокот за извршување наведени во член 4 став 3 од договорот,
- настанат вонредни околности кои го оневозможуваат извршувањето на договорот.

Во случајот на ставот 2 алинеја 3 од овој член, Договорниот орган ќе даде налог за прекин на работите кои Носителот на набавката ги извршува спротивно од договорените услови и да побара да ги отстрани недостатоците поради кои дал налог за прекин на работите и се назначени во истиот. Рокот во кој Носителот на набавката ќе треба да постапи по однос на дадениот налог за прекин на работите ќе биде поединечно назначен во секој налог за прекин.

Член 17

Во случај на раскинување на договорот, Носителот на набавката и Договорниот орган во присуство на надзорниот орган изготвуваат Записник за извршените работи со констатација до која фаза се извршени работите.

Во случај од претходниот став на овој член, Носителот на набавката е должен извршените работи да ги заштити од пропаѓање, при што на свој трошок презема нужни мерки за заштита.

Носителот на набавката е должен во случај на раскинување на договорот да го напушти градилиштето со целокупната механизација најкасно до денот на потпишување на записникот од став 1 на овој член.

Член 18

Договорните страни се согласија дека во случај на едностранo раскинување на овој договор од страна на Носителот на набавката или неисполнување на неговите обврски, Договорниот орган има право на надомест на сите трошоци што се во врска со предметот на договорот, како и на надомест на штета.

Член 19

Во случај на непредвидени и објективни околности со кои се менуваат потребите на Договорниот орган, а кои настанале по склучување на Договорот и заради кои договорот не може да се реализира, како и во случај на непредвидени промени во Буџетот на Договорниот орган, Договорниот орган има право едностранo да го раскине договорот, со доставување на известување за раскинување на договорот.

Договорниот орган има право поради променети околности кои може да настанат по склучување на договорот да го раскине договорот, со доставување на известување за раскинување на договорот, доколку настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската или ако не може да ја оствари целта поради која го склучил договорот.

Договорниот орган има право да го раскине договорот и поради вонреден настан (поплава, земјотрес, пожар, кризна состојба, вонредна состојба и сл.), кој се случил по склучување на договорот, а пред пристигнување на обврската, што не можел да се предвиди, а за кој не е одговорна ниту една од договорните страни.

Во случаите од ставовите 1, 2 и 3 од овој член, договорните страни се согласни дека Носителот на набавката, нема право на надомест на штета и нема право на надомест на трошоци што се во врска со предметот на договорот.

Во овој случај на раскинување на договорот Носителот има право да си ги наплати побарувањата по основ на реализирани активности до моментот на настанување на некоја од околности од овој член од договорот, утврдена како причина за раскинување на договорот.

ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 20

Договорниот орган има право на договорна казна во износ од 0,05% од вкупната вредност на договорот за секој ден доцнење или неуредно извршување на работите и обврските согласно условите и роковите утврдени во овој договор, но не повеќе од 10% од вкупната вредност на договорот.

Договорната казна ќе се пресметува од моментот на исполнување на условите предвидени со ставот 1 на овој член, за што Договорниот орган веднаш на писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Во случај на доцнење односно неуредно исполнување, Носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на Договорниот орган, настанати поради доцнење односно неуредно извршените работи.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Сите измени настанати по склучување на овој договор во текот на неговата важност кои се однесуваат на промена на вредноста, по ниту еден основ не смеат да надминат 20% од вкупната вредност на овој договор.

Договорните страни се согласија дека во случаите од став 1 на овој член истите ќе ги договорат на писмено и ќе ги приклучат кон овој договор со анекс-договор на начин утврден во член 21 и член 22 од овој договор, а согласно одредбите од член 119 од Законот за јавните набавки.

Член 22

Договорните страни се согласија дека доколку при изведбата на работите кои се предмет на овој договор се јави потреба од изведба на непредвидени работи, Носителот на набавката е должен веднаш да го извести Договорниот орган и органот за надзор.

Договорниот орган ќе ги одобри непредвидените работи од став 1 на овој член за што со Носителот на набавката ќе склучи анекс на договор со кој ќе ги регулира правата и обврските на договорните страни при изведување на непредвидените работи и нивната вредност, по претходно доставено писмено барање од Носителот на набавката кое особено треба да содржи:

- образложение за оправданоста од потребата и причините заради кои е нужна изведбата на непредвидените работи;
- опис, вид и количини на непредвидените работи и цени за секоја позиција поединечно.

По прием на барањето за изведба на непредвидени работи, Договорниот орган пред прифаќање на истите обезбедува и писмена согласност од органот за надзор со образложение за оправданоста од потребата и причините заради кои е нужна изведбата на непредвидените работи, а по потреба и од проектантот кога непредвидените работи мораат да се изведат заради пропусти и недостатоци во проектот утврдени од Носителот на набавката или надзорниот орган.

Член 23

Договорните страни се согласија дека доколку при изведување на работите кои се предмет на овој договор се јават кусоци и/или вишоци на работи, истите ќе се сметаат за

договорени доколку бидат одобрени од надзорниот орган и од Договорниот орган и Носителот на набавката е должен истите да ги евидентира и прикаже во секоја времена ситуација.

При доставување на завршна времена ситуација, Носителот на набавката е должен до Договорниот орган да достави и табеларен преглед со опис, вид, количина и вредност на сите вишоци и кусоци на работите кои се предмет на овој договор.

Договорниот орган по доставување на завршната времена ситуација со Носителот на набавката ќе склучи анекс на договор со кој ќе ги регулира изведените вишоци и неизведените кусоци на работи и ќе ја утврди нивната вредност.

Член 24

Договорните страни се согласија доколку дојде до склучување на анекс/и договори заради причините утврдени во членовите 21, 22 и 23, дека по доставување на завршна времена ситуација ќе склучат анекс-договор во кој ќе се утврди конечната вкупна вредност на предметната јавна набавка.

Член 25

За се што не е предвидено со одредбите на овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи и Законот за градење.

Член 26

Во случај на спор, ако договорните страни не го решат спогодбено истиот ќе го решава надлежниот суд во Тетово.

Член 27

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Член 28

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) примероци за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ЕУРОВИА ДООЕЛ
Управител
Џенис Реџепи

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката на работа

Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 07187/2025 објавен од страна на Општина Јегуновце, за Изградба на парк во с.Сиричино, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

Финансиска понуда

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
45223500-1	Обележување на трасата	Метар	430,00	50,00	21.500,00	3.870,00	25.370,00
44114100-3	Ископ на темел за АБ цокло и одвоз на материјалот до најблиска депонија, должина 430м	Кубен метар	344,00	220,00	75.680,00	13.622,40	89.302,40
45262300-4	Бетонирање со МБ 30 без оплата на армирано бетонски темел - греда - лентовиден со димензии 50 см. Х 80 см. и должина 430м. Во темелот се поставува четири шипки ф12мм и узенгии ф8мм на расојание од 20см.	Кубен метар	172,00	8.000,00	1.376.000,00	247.680,00	1.623.680,00
45262300-4	Бетонирање со МБ 30 во оплата на армирано бетонско цокле со д=20 см. со висина од 65 см. должина 430м. Во цоклето се поставува еден ред на мрежа Q335 600/215	Кубен метар	55,90	8.000,00	447.200,00	80.496,00	527.696,00
45262300-4	Бетонирање со МБ 30 во оплата на армирано бетонско столб 40/40см со висина 250 см. Во Столбот се поставуваат четири	Кубен метар	56,80	8.000,00	454.400,00	81.792,00	536.192,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
	шипки ф12мм и узенгии ф8мм на расојание од 15см.						
44332000-6	Ф12 RA 400/500-2 во должина од 12 метри	Парче	261,00	720,00	187.920,00	33.825,60	221.745,60
44332000-6	Ф8 RA 240/360 во должина од 12 метри	Парче	480,00	320,00	153.600,00	27.648,00	181.248,00
44332000-6	Ф8 Q335 со димензии 600/215см	Парче	36,00	2.600,00	93.600,00	16.848,00	110.448,00
44332000-6	Изработка и монтажа на копје за ограда по детаљ од проект, арматура ф16мм, висина на копје 1,5м со антикорозивен премаз и два премази со лак	Парче	2717,00	450,00	1.222.650,00	220.077,00	1.442.727,00
44332000-6	Изработка и монтажа на ограда по детаљ од проект, арматура ф16мм со должина од 12метри, со антикорозивен премаз и два премази со лак	Парче	144,00	3.600,00	518.400,00	93.312,00	611.712,00
45112711-2	Обележување на трасата	Метар	1010,00	50,00	50.500,00	9.090,00	59.590,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
45112711-2	Ископ на хумусен слој d=30cm и одвоз до најблиска депонија.	Кубен метар	757,50	200,00	151.500,00	27.270,00	178.770,00
45112711-2	Изработка на подтло	Метар Квадратен	2597,00	50,00	129.850,00	23.373,00	153.223,00
44114200-4	Набавка, транспорт и вградување на парковски ивичњак, 6/20/50sm.	Метар	2020,00	600,00	1.212.000,00	218.160,00	1.430.160,00
14212300-3	Набавка, транспорт, вградување и нивелирање на танпонски материјал дробен камен под тротоар 0-32мм, д=27см.	Кубен метар	252,50	1.100,00	277.750,00	49.995,00	327.745,00
14212300-3	Набавка, транспорт и вградување на ситен песок за исполна на фуга од бекатон плочки	Кубен метар	7,57	1.300,00	9.841,00	1.771,38	11.612,38
14212300-3	Набавка, транспорт и вградување на ризла под бекатон плочки 4-8мм д=5см.	Кубен метар	126,25	1.000,00	126.250,00	22.725,00	148.975,00
44114200-4	Набавка, транспорт и вградување на бекатон плочки d=6sm.	Метар Квадратен	1950,00	200,00	390.000,00	70.200,00	460.200,00
44114200-4	Набавка, транспорт и вградување на бекатон	Метар Квадратен	647,00	200,00	129.400,00	23.292,00	152.692,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
	плочки d=6sm. (црвена боја)						
39113300-0	Набавка, транспорт и поставување на клупи	Парче	40,00	15.000,00	600.000,00	108.000,00	708.000,00
44613700-7	Набавка, транспорт и поставување на корпи за отпадоци	Парче	50,00	6.500,00	325.000,00	58.500,00	383.500,00
44114220-0	Набавка, транспорт и поставување на кружни прстени од метален профил ф 40мм. (направена спрема даден детал)	Парче	45,00	5.000,00	225.000,00	40.500,00	265.500,00
44114220-0	Набавка, транспорт и поставување на шпаринг 25x25см д=1мм	Парче	90,00	600,00	54.000,00	9.720,00	63.720,00
45262300-4	Набавка, транспорт и вградување АБ темели за кружни прстени.75x75 h=50sm	Парче	90,00	5.000,00	450.000,00	81.000,00	531.000,00
34928520-9	Набавка, транспорт и поставување на канделабри	Парче	50,00	15.000,00	750.000,00	135.000,00	885.000,00
45262300-4	Набавка, транспорт и вградување АБ темели за канделабри.60x60 h=60sm	Парче	50,00	4.000,00	200.000,00	36.000,00	236.000,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
44212250-6	Набавка, транспорт и поставување на јарбол. Висина на јарбол L=14м	Парче	1,00	65.000,00	65.000,00	11.700,00	76.700,00
45262300-4	Набавка, транспорт и вградување АБ темели за јарбол.150x150 h=60sm	Парче	1,00	15.000,00	15.000,00	2.700,00	17.700,00
14212300-3	Набавка, транспорт и поставување на чешма за пиење на вода	Парче	1,00	10.000,00	10.000,00	1.800,00	11.800,00
45262300-4	Набавка, транспорт и вградување на АБ постамент. Во постаментот се поставува осум шипки ф12мм и узенгии ф8мм на расојание од 15см.	Парче	1,00	5.500,00	5.500,00	990,00	6.490,00
45262300-4	Набавка, транспорт и поставување на АБ постамент (виргина)	Кубен метар	67,00	8.500,00	569.500,00	102.510,00	672.010,00
45443000-4	Набавка, транспорт и поставување на пластичен абриб на постамент (виргина). 25 кг врќа	Парче	27,00	4.000,00	108.000,00	19.440,00	127.440,00
45112711-2	Расчистување на теренот во рамките на опфатот за изведба пред почетокот на градбата од непотребни	Метар Квадратен	9957,00	50,00	497.850,00	89.613,00	587.463,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
	материјали, урбана опрема, постоечко ниско и средно високо зеленило						
45112711-2	Планирање и валирање на постелица	Метар Квадратен	9957,00	50,00	497.850,00	89.613,00	587.463,00
45112711-2	Набавка, транспорт и поставување на хумусен слој од 30 см.	Кубен метар	2208,00	300,00	662.400,00	119.232,00	781.632,00
45112711-2	Набавка, транспорт и садење на трева.	Килограм	44,16	550,00	24.288,00	4.371,84	28.659,84
03441000-3	Набавка, транспорт и садење на ТУЈА СМАРА. (зимзелено)	Парче	210,00	700,00	147.000,00	26.460,00	173.460,00
03441000-3	Набавка, транспорт и садење на ТУЈА АУРЕА НАНА. (зимзелено)	Парче	210,00	700,00	147.000,00	26.460,00	173.460,00
03451300-9	Набавка, транспорт и садење на ЈУНИПЕРУС МИНТ ЈУЛП. (грмушка)	Парче	150,00	900,00	135.000,00	24.300,00	159.300,00
03451300-9	Набавка, транспорт и садење на ЈУНИПЕРУС БЛУ СВИТ. (грмушка)	Парче	150,00	900,00	135.000,00	24.300,00	159.300,00
03441000-3	Набавка, транспорт и садење на КАТАЛПА. (листопадно)	Парче	10,00	5.000,00	50.000,00	9.000,00	59.000,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
03441000-3	Набавка, транспорт и садење на ЛИКВИДАМБАР. (листопадно)	Парче	10,00	7.000,00	70.000,00	12.600,00	82.600,00
45112210-0	Машински ископ на земја III категорија, сечење на бетон во зависност од ситуацијата за водоводни ровови, планирање, набивање во слоеви и по потреба разупирање на ров.	Кубен метар	236,00	200,00	47.200,00	8.496,00	55.696,00
14212300-3	Набавка транспорт и уградување на песок за изработка на постелица за водоводни цеви во ровови со планирање. 473x0.50x0.10	Кубен метар	23,65	1.300,00	30.745,00	5.534,10	36.279,10
44115210-4	Набавка и монтажа на HDPE PN10 цевки во ров со сите фасонски делови, планирање пред затварање на ровови, и испитување на инсталација.ХДПЕ 32мм	Метар	473,00	300,00	141.900,00	25.542,00	167.442,00
44115210-4	Набавка и монтажа на HDPE PN10 вентили, Ф32мм	Парче	25,00	1.000,00	25.000,00	4.500,00	29.500,00

Шифра	Назив на ставка	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
44115210-4	Набавка на материали за изработка на PVC водоводна шахта со дим.100/100/100.	Парче	12,00	4.500,00	54.000,00	9.720,00	63.720,00
44115210-4	Набавка и транспорт на ПВЦ црево за наводнување L=50мНабавка и транспорт на ПВЦ црево за наводнување L=50м	Парче	12,00	100,00	1.200,00	216,00	1.416,00
				Вкупно	13.071.474,00 ден	2.352.865,32 ден	15.424.339,32 ден

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **13.071.474,00** (**тринаесет милиони седумдесет и една илјади четиристотини седумдесет и четири**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **2.352.865,32** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*